15 - 96/1
23.12.2015

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 24-12-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

До
Агенција за млади и спорт на
Р. Македонија

Почитувани,

Претседателството на Федерацијата на планинарски спортови на Македонија, на својата редовна седница одржана на ден 06.11.2015 година (петок), покрај останатите точки на дневниот ред, го разгледа изготвениот Предлог- Правилник за спортска категоризација кај Високогорството.

Предлог-Правилникот за спортска категоризација на високогорското планинарење - Високогорство, едногласно, без забелешки беше усвоен.

Во прилог:

Правилник за спортска категоризација кај Високогорството.

Со почит

ФЕДЕРАЦИЈА НА ПЛАНИНАРСКИ СПОРТОВИ НА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

Претседател на ФПСМ
Проф.Д-р.Јовица Угриновски

11 Октомври 42а, 1000 Скопје, Р. Македонија / Тел./Факс.02 3 165 540; e-mail. contact@fpsm.org.mk;
ж.ска 300000000754114; ЕДБ 4030995100933; Деп.Комерцијална банка-Ск.

# ПРАВИЛНИК

## за спортска категоризација на високогорско планинарење – Високогорство

Во високогорското планинарење спортистот стекнува категорија за:

**Спортист од светска категорија**

Со освојување на 300 бода во рок од 3 години (од освојувањето на првиот врв во наведената категорија). За оваа категорија се бодуваат исклучиво врвовите над 8000 мнв:

- Анапурна I, K2, Нанга Парбат, Канџензонга по **300 бода**
  (како најретко искачувани, најкомплексни и со највисок ризик)

- Монт Еверест, Лотце, Макалу, Чу Оју, Манаслу, Даулагири, Шишапангма, Гашербрум I, Гашербрум II, Броад Пик по **150 бода**

Искачување на било кој од наведените врвови во календарска зима носи **+150 бода**

**Спортист од меѓународна категорија**

Со освојување на 200 бода во рок од 1 година (од освојувањето на првиот врв во наведената категорија). За оваа категорија се бодуваат врвовите од 6000 до 8000 мнв.

- Врвовите помеѓу 6000 – 7000 мнв носат по **100 бода**
- Врвовите помеѓу 7000 – 8000 мнв носат по **200 бода**

Искачување на било кој од наведените врвови во календарска зима носи **+100 бода**

**Спортист од државна категорија**

Со освојување на 100 бода во период од 1 година (од освојувањето на првиот врв во наведената категорија). За оваа категорија се бодуваат врвовите од 3000 до 6000 мнв, при што од појдовната точка до врвот да има најмалку 1000 метри висинска разлика.

- Врвовите помеѓу 3000 – 4500 мнв носат по **25 бода**
- Врвовите помеѓу 4500 – 6000 мнв носат по **50 бода**

Искачување на било кој од наведените врвови во календарска зима носи **+50 бода**

**Забелешка:**

- Се бодуваат исклучиво искачувања кои се пријавени во ФПСМ пред одржувањето на акцијата
- Верификацијата на искачувањата ги врши комисијата за високогорство и експедиции при ФПСМ

Претседател на ФПСМ

Проф. Д-р. Јовица Угриновски